Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за информатичко
општество и администрација
Ministria e Shoqërisë
Informatike dhe Administratës
Бр. - Nr 14-568/7
25.05.2022 год. - viti
Скопје / Shkup

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА
MINISTRIA E SHOQËRISË INFORMATIKE DHE ADMINISTRATËS
Бр.-Nr. 14-568/7
25.05 20 22 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# Записник од 44 -та седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК)

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Место на одржување** | Online седница | | |
| **Датум** | 31.03.2022 година | **Време** | 14.00 – 15.00 часот |
| **Бр. на седница** | 44-та седница | | |
| **Состанокот го води** | Димитар Буковалов, претседател на НКБК | | |
| **Учесници** | **Поканети:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>5. Славица Настеска – член на НКБК<br>6. Лавдрим Елмази – член на НКБК | **Присутни:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>5. Славица Настеска – член на НКБК<br>6. Лавдрим Елмази – член на НКБК | |
| **Други присутни на состанокот** | Љубен Талев (независен експерт) и Илбер Хасани. | | |
| **Логистичка поддршка** | Владимир Соколов и Мишко Талески (МИОА) | | |

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на предлог Записникот од седницата на НКБК одржана на 22.03.2022 година ;
2. Усвојување на петтиот Извештај на НКБК за развој на бродбендот во државата и спроведување на НОБП;
3. Разно

;

**Тек на седницата**

Претседателот на НКБК, Димитар Буковалов, ја отвори 44-та редовна седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК), која се одржа online, при што утврди дека се присутни шест членови на НКБК, со што телото може полноважно да одлучува. Дневниот ред беше усвоен едногласно од сите членови.

**За првата точка од дневниот ред,**

Во рамките на првата точка, членовите на НКБК го усвоија записникот од 43-та седница, одржана на 22.03.2022 година, без забелешки.

**За втората точка од дневниот ред,**

Во рамките на втората точка, претседателот на телото, Буковалов, отвори дискусија за петтиот по ред Извештај на НКБК за развој на бродбендот во државата и спроведување на НОБП.

Претседателот на НКБК, Димитар Буковалов, истакна дека извештајот содржи информации за активностите на НКБК во периодот октомври 2021 – март 2022 година во врска со спроведување на НОБП во државата, учеството во активностите на мрежата на европски BCO-а, како и активностите што АЕК ги спроведе во истиот период за имплементација на НОБП.

Исто така, извештајот содржи податоци за развој на бродбендот во државата во периодот октомври 2021 – март 2022 преку компаративен приказ на индикаторите за димензијата „Поврзливост" за државата и споредбено истите во земјите членки на ЕУ. Извештајот содржи податоци за покриеност и распространетост на фиксен бродбенд, на брз бродбенд пристап, ултрабрз бродбенд пристап и мобилен бродбенд во земјата. Буковалов потенцира дека извештајот е надополнет и со податоци за бројот на активни претплатници на фиксен бродбенд по пристапна брзина и за бројот на активни корисници на услуги врзани со пакет. Овој извештај е работен според официјалните податоци добиени од АЕК и ДЗС според пописот од 2002, од кој на денот на одржување на оваа седница се уште не се официјализирани податоците од пописот од 2021.

Членот на телото, Славица Настеска, од своја страна истакна дека НКБК веќе имаше дискусија за усогласување на Методологијата за DESI индикаторите за РСМ со Методологијата за DESI ЕУ 2021, што треба наскоро да резултира со донесување нова Методологија за DESI, а согласно неа ќе треба да се промени и Образецот за формата и содржината која треба да ја содржи Извештајот за развој на бродбенд пазарот во државата.

По завршувањето на дискусијата Буковалов го стави на гласање извештајот, кој едногласно беше усвоен од членовите на НКБК.

**Заклучок:** Усвоениот петти Извештај на НКБК за развој на бродбендот во државата и спроведување на НОБП, ќе биде доставен до министерот и заменик министерот за информатичко општество и администрација,.

**За третата точка од дневниот ред,**

Во рамките на точката „Разно“, Буковалов информираше во врска со за подготовката на Физибилити студијата за изградба на НТОМ.

Записникот го водеше претседателот на НКБК

**Димитар Буковалов** ____________________